# Известување за приватност на кандидати за вработување

Краток опис на процесот на обработка на личните податоци - селекција на кандидати за вработување во ПЗУ Биотек лабораторија Скопје.

## 1. Целта на ова известување и негов правен основ

Ние ги обработуваме Вашите лични податоци врз основа на Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр. 42 од 16.02.2020).

Информациите во прилог на ова Известување се согласно членот 17 од Законот за заштита на личните податоци. Контролор на податоците е ПЗУ Биотек лабораторија Скопје. За дополнителни информации за Биотек Скопје, посетете ја веб страната www.bioteklab.com.mk

## 2. Кои лични податоци ги обработуваме, за која цел и кој има пристап до нив?

Ние ви ги обработуваме оние лични податоци кои ги имате наведено во личната биографија што ни ја имате пратено, како што се име, презиме, датум на раѓање, e-mail адреса, телефонски број).

Исто така, може да обработуваме и друга документација која би ни ја пратиле во прилог на личната биографија, како на пример сертификати, препораки и слично.

До Вашите лични податоци пристап може да имаат Вработените одговорни за процедурата на избор на кандидати. Вашите лични податоци ги обработуваме за да избереме соодветен кандидат кој би ја пополнил отворената работна позиција.

## 3. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?

Времето на чување на Вашите лични биографии е следно:

За неизбраните кандидати – се додека не ја повлечете вашата согласност за обработка на лични податоци за цели на идно вработување

За избраните кандидати- согласно Закон за работен однос

За кандидатите кои доставуваат лични биографии без распишан оглас – се додека не ја повлечете вашата согласност за обработка на лични податоци за цели на идно вработување

## 4. Кои се Вашите права во однос на личните податоци?

Имате право да пристапите до личните податоци што ги обработуваме за Вас и до релевантни информации кои се однесуваат за тоа како ги обработуваме. Под одредени услови, имате право да побарате да ги избришеме вашите лични податоци или да ја ограничите нивната обработка. Имате право да приговорите на нашата обработка на Вашите лични податоци, во био кое време. Ние ќе го разгледаме Вашето Барање, ќе донесеме одлука и ќе Ве известиме за истата.

Вашето Барање може да го испратите до ПЗУ Биотек лабораторија Скопје преку пошта во затворен плик или преку e-mail на адресата Laboratorija@bioteklab.com.mk


Лабораторијата е сертифицирана преку надворешна контрола на квалитет

| Изработил: | Проверил/Одобрил: | Датум на употреба: |
|---|---|---|
| Емилија Анѓелкоска | Анкица Синадинова Базерко | 24.12.2021 |



Лабораторијата е сертифицирана преку надворешна контрола на квалитет